**614.**

Врз основа на член 87 став (3) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), министерот за економија донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА СОДРЖИНАТА НА ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ОД МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на Планот за управување со отпад од минерални суровини.

Член 2

За инсталациите за отпад од минерални суровини класифицирани во категорија А, согласно член 91 од Законот за минерални суровини, Планот за управување со отпад од минерални суровини (во понатамошниот текст: Планот) треба да ги содржи најмалку следните поглавја:

1. Не-техничко резиме;
2. Воведни објаснувања;
3. Цели на Планот;
4. Структура на Планот;
5. Класификација на инсталацијата за отпад од минерални суровини;
6. Категоризација на отпад од минерални суровини со прикажување на:
- основни информации за експлотационото поле,
- природа на отпадот од минерални суровини (јаловината) и начин на постапување и
- геомеханички карактеристики на отпад од минерални суровини,
7. Изградба и управување со инсталацијата за отпад од минерални суровини;
8. Процена на ризиците по животната средина и здравјето на луѓето;
9. Превенција на ризиците и мерки на заштита;
10. План за вонредни состојби;
11. План за мониторинг на мерките за намалување на влијанието врз животната средина и
12. Предлог план за затворање, грижа по затворањето и мониторинг на инсталацијата за отпад од минерални суровини ( со процена на придружните трошоци).

Член 3

За инсталациите за отпад од минерални суровини кои не се класифицирани во категорија А, согласно член 91 од Законот за минерални суровини, Планот треба да ги содржи најмалку следните поглавја:

1. Општи податоци за изготвувачот и за инсталацијата и
2. Не-техничко резиме во кое се даваат наводи за причините за класификација на инсталација/просторот за депонирање и категоризација на отпад од минерални суровини како неопасен.

Кон Планот од ставот 1 на овој член се доставуваат следните податоци:

- опис на технологијата на екстракција, обработка/процесирање и депонирање на отпадот од минерални суровини;
- карактеристики на отпадот од минерални суровини;
- матрица на процена на ризиците по животната средина и здравјето на луѓето;
- план за мониторинг на мерките за намалување на влијанието врз животната средина и
- предлог план за затварање, грижа по затворањето и мониторинг на инсталацијата за отпад од минерални суровини (со процена на придружните трошоци).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24- 1012/1
25 февруари 2022 година
Скопје

Министер за економија,
**Kreshnik Bekteshi,** с.р.

---

Në bazë të nenit 87 paragrafi (3) të Ligjit për lëndët e para minerale („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192 / 15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 dhe 7/19), ministri i Ekonomisë miratoi

**RR E G U LL O R E
PËR PËRMBAJTJEN E PLANIT PËR MENAXHIMIN E MBETURINAVE NGA LËNDËT E PARA MINERALE**

Neni 1

Me këtë rregullore përcaktohet përmbajtja e Planit për menaxhimin e mbeturinave nga lëndët e para minerale.

Neni 2

Për instalimet për mbeturina nga lëndët e para minerale të klasifikuara në kategorinë A, në përputhje me nenin 91 të Ligjit për lëndët e para minerale, Plani i menaxhimit të mbeturinave nga lëndët e para minerale (në tekstin e mëtejmë: Plani) duhet t'i përmbajë së paku kapitujt si vijon:

1. Përmbledhje jo-teknike;
2. Sqarime hyrëse;
3. Qëllime të Planit;
4. Struktura të Planit;
5. Klasifikim i instalimit për mbeturinat nga lëndët e para minerale;
6. Kategorizimi i mbeturinave nga lëndët e para minerale me paraqitjen e:
- informacioneve themelore për fushën e eksploatimit,
- Natyra e mbeturinave nga lëndët e para minerale (zgjyrat) dhe mënyra e veprimit dhe
- Karakteristikat gjeomekanike të mbeturinave nga lëndët e para minerale;
7. Ndërtimi dhe menaxhimi i instalimit për mbeturinat nga lëndët e para minerale;
8. Vlerësim i rrezikut ndaj mjedisit jetësor dhe shëndetit të njerëzve;
9. Parandalim i rrezikut dhe masa për mbrojtje;
10. Plan për gjendje të jashtëzakonshme;
11. Plan për monitorimin e masave për reduktimin e ndikimit në mjedisin jetësor dhe
12. Propozim plan për mbyllje, përkujdesje pas mbylljes dhe monitorim i instalimit për mbeturinat nga lëndët e para minerale (me vlerësim të shpenzimeve shoqëruese).

Neni 3

Për instalimet për mbeturina nga lëndët e para minerale që nuk janë të klasifikuara në kategorinë A, në përputhje me nenin 91 të Ligjit për lëndët e para minerale, Plani duhet të përmbajë së paku kapitujt si vijon:

1. Të dhëna të përgjithshme për përpiluesit dhe për instalimin dhe

2. Përmbledhje jo-teknike në të cilën jepen supozimet për arsyet e klasifikimit të instalimit/hapësirës për deponimin dhe kategorizimin e mbeturinave nga lëndët e para minerale si të parrezikshme.

Planit nga paragrafi 1 të këtij neni i shtohen të dhënat si vijon:

- përshkrim i teknologjisë së nxjerrjes, përpunimit/procesimit dhe deponimit të mbeturinave nga lëndët e para minerale;

karakteristikat e mbeturinave nga lendet e para minerale;

- matrica e vlerësimit të rrezikut ndaj mjedisit jetësor dhe shëndetit të njerëzve;

- plan për monitorimin e masave për të reduktuar ndikimin në mjedisin jetësor dhe

- propozim plani për mbylljen, përkujdesje pas mbylljes dhe monitorimin e instalimit për mbeturina nga lëndët e para minerale (me vlerësim të shpenzimeve shoqëruese).

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e radhës nga dita e publikimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Nr. 24-1012/1
25.2.2022 Ministër i Ekonomisë,
Shkup **Kreshnik Bekteshi**, d.v.

---

**615.**

Врз основа на член 13 став (5) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Репубика Македонија" бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), министерот за економија донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗРАБОТКА НА СТУДИЈАТА ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО И РЕЖИМОТ НА МИНЕРАЛНИТЕ, ТЕРМОМИНЕРАЛНИТЕ, ТЕРМАЛНИТЕ ВОДИ И МИНЕРАЛНИТЕ ВОДИ И ГАСОТ $CO_2$

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и начинот на изработка на Студијата за оцена на влијанието и режимот на минералните, термоминералните, термалните води и минералните води и гасот $CO_2$.

Член 2

Студијата за оцена на влијанието и режимот на минералните, термоминералните, термалните води и минералните води и гасот $CO_2$ (во понатамошен текст: Студијата) ги содржи следните податоци:

1) Општи податоци за Студијата;
2) Текстуален дел и
3) Графички дел.

Член 3

Општите податоци за Студијата се состојат од:

1) Наслов на Студијата, назив на правното лице кое ја изработило, потпис на лицето носител на изработка на Студијата, место и година на изработка на Студијата и печат на правното лице - имател на овластувањето и

2) Список на соработници кои учествувале во изработката на Студијата и нивни потписи.

Член 4

Текстуалниот дел на Студијата се состои од:

1) Вовед;
2) Метеоролошки карактеристики;
3) Хидрографски и хидролошки карактеристики;
4) Геоморфолошки карактеристики на теренот;
5) Геолошка градба:
- приказ на литолошкиот состав и
- тектоника;
6) Преглед на претходно извршени хидрогеолошки истражувања и оцена на степенот на хидрогеолошка истраженост;
7) Хидрогеолошки карактеристики на теренот:
- тип на издани,
- хидродинамички карактеристики и
- хидрогеолошка функција на изданите;
8) Хидрогеолошки параметри на изданите:
- димензии, граници и положба на изданските зони,
- услови за формирање на минералните, термоминералните, термалните води и минералните води и гасот $CO_2$,
- субартески и артески притисоци, нивоа и правци на движење на минералните, термоминералните, термалните води и минералните води и гасот $CO_2$,
- определување на хидрогеолошките параметри (моќност, коефициент на филтрација, коефициент на водопроводност, специфична издашност, издашност, радиус на влијание на експлоатационите објекти, пиезопроводност, нивопроводност и сл.) на изданите и
- квалитет на минералните, термоминералните, термалните води и минералните води и гасот $CO_2$;
9) Резерви на минералните, термоминералните, термалните води и минералните води и гасот $CO_2$ и тоа:
- динамички резерви,
- статички резерви и
- експлоатациони резерви;
10) Биланс на минералните, термоминералните, термалните води и минералните води и гасот $CO_2$;
11) Оцена на степенот на хидрогеолошка истраженост и искористеност;
12) Предлог простор за детални хидрогеолошки истражувања со приказ на предвидени истражни и испитателни хидрогеолошки работи;
13) Геолошко-економска оцена за перспективноста на просторот и оцена на подобноста во однос на изградба на нови експлоатациони објекти;
14) Заштита на подземните води;
15) Заклучоци и препораки и
16) Список на користена литература.

Член 5

Графичкиот дел на Студијата се состои од:

- прегледна геолошка карта во размер 1 : 100 000;
- хидрогеолошка карта во размер 1 : 25 000;
- детална хидрогеолошка карта во размер 1 : 10 000;
- напречен хидрогеолошки профил во размер 1 : 10 000;
- надолжен хидрогеолошки профил во размер 1 : 10 000;
- тестови на црпење на хидрогеолошките објекти (бунари, дупнатини и сл.);
- хидрограм на црпење на хидрогеолошките објекти (бунари, дупнатини и сл.) и
- дијаграми за определување на хидрогеолошките параметри на водоносните средини (моќност, коефициент на филтрација, коефициент на водопроводност, специфична издашност, издашност, радиус на влијание на експлоатационите објекти, пиезопроводност, нивопроводност и сл.).

Графичкиот дел содржи и Прилог кој се состои од: наслов, размер во кој е изработен Прилогот, основа на Прилогот и соодветна легенда на основата.

Член 6

Студијата се изработува како тврдо укоричена книга во хартиена форма и во електронска форма.